

Крсто (Ставро) Наков Калабуров (15. X 1877 – 8. X 1939) е македонски револуционер, деец на Македонската револуционерна организација (МРО) и учесник во Илинденското востание. Тој е еден од ретките македонски револуционери кои за својата покажана храброст во текот на оружените борби со турскиот аскер се здобил со „Свидетелство за храброст“.

Крсто Калабуров е роден на 15 октомври 1877 година во селото Д’мбени, Егејскиот дел на Македонија. Тој како млад останал сираче, но го завршил четвртото одделение. По професија бил тулар и работел во Мала Азија.

Во 1902 година се вратил во својата родна земја и се придружил на Македонската револуционерна организација.

Во предвечерието на Илинденското востание во 1903 година, Крсто Калабуров учествувал во големата битка на врвоите Локвата и Вињари која се одиграла  од 31 мај до 13 јуни 1903 година, кај селото Д’мбени меѓу Костурските чети и османлиската војска, непосредно пред Илинденското востание. Месец дена потоа, тој го заменил војводата Атанас Каршаков, кој бил ранет на 8 јули 1903 година.

За време на востанието Илинденското востание во летото 1903 година, војводата Калабуров со својата чета бил дел од одредот на Пандо Клишев и Васил Чекаларов. Пред и за време на востанието учествувал во повеќе битки со турскиот аскер во кои покажал голема храброст.

Во овој период, по  битките на Бигла, Локвата и Винјари, кај реонскиот началник Лазар Поп Трајков се родила идеја за воведување на свидетелства за покажана храброст, што е равно на воениот орден - Орден за храброст Доделувањето на свидетелствата се случило на  посебна церемонија, во летото на 8 јуни 1903 година на планината Вич, кога

се издадени околу 35 свидетелства на учесници во тие борби.

Крсто (Ставро) Калабуров е еден од ретките македонски револуционери кои за својата храброст која ја покажал во текот на оружените борби со турскиот аскер се здобил со „Свидетелство за храброст“. По битката кај Локвата, за пројавениот хероизам во битката при месноста Бигла, каде на 17 август 1903 година, се судриле здружените Лерински и Костурски чети со турскиот аскер, тој е награден со второ „Свидетелство за храброст“ (нумерирано со број 9 ) и со пушка „Маузер“.

Во 1904 година учествувал во битка со грчки анархисти кај селата Трсје, Турие и Оштима и наскоро потоа емигрирал во САД.

По избувнувањето на Првата балканската војна во 1912 година, Крсто Калабуров се вратил во Европа и зема учество во борбите како доброволец на Македонско-одринско ополчение. Се борел во Костурската соединета чета.

За време на Втората балканска војна, Крсто Калабуров бил уапсен од страна на грчките власти во неговиот роден Д’мбени. Тој бил затворен во Костур, каде што бил мачен. Подоцна, тој бил ослободен и се преселил во Ксанти.

По Првата светска војна живеел во Пловдив. Во 1923 година станал член на Илинденската организација.

Крсто Калабуров починал во Пловдив во 1939 година.